СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA

ул. Антон Попов бр.1 влез 4 стан 5 Скопје
(02) 3246 851

Бр: 02-356/1
28.03.2019 година

Претседателот на Стоматолошка комора на Македонија, согласно член 35 точка 20 од Статутот на Комората, Законот за здравствена заштита на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 101/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), П р а в и л н и к за начинот на пријавување за полагање и начинот на полагање на стручен испит на здравствените работници со високо образование, бројот на поставени прашања и практични примери, времетраењето и бројот на бодови со кој се смета дека стручниот испит е положен, поднесувањето на приговор од здравствениот работник кој не го положил стручниот испит и начинот на издавање на уверението за положен стручен испит, како и формата и содржината на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование(17- 4560/4)), Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на стоматологијата (Службен весник на Република Македонија бр. 62/2017 од 29.05.2017), Законот за здравствена заштита на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 101/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), Правилникот за форма и содржина и начинот на водење на регитерот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата (Службен весник бр. 116/2017 22.08.2017) ја донесе:

# О Д Л У К А

**За формирање на времена Комисија на СКМ за разгледување на поднесени досиеа од сложен карактер по однос на спроведување на постапка за стручен испит за дипломирани доктори по стоматологија со пет, односно шестгодишни студии кои завршиле студии по стоматологија на високообразовни институции во РМ или во странство како и досиеа исто така од сложен карактер кои се однесуваат на упис во Регистерот на Комората и издавање на лиценца за работа за првпат и оправданост за издавање на лиценца за работа за доктори од РМ или странски државјани**

**Член 1**

Времената Комисија формирана согласно оваа Одлука е во состав од:

проф.д-р Марија Пеева Петреска, проф.д-р Силвана Георгиева, проф.д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, доц.д-р Кенан Ферати и Флорентина Кајоли – вработена во Стручната служба на Комората.

**Член 2**

Комисијата ќе работи во состав од по три члена од кои едниот задолжително е претставникот од Стручната служба на СКМ, наведен во член 1 од оваа Одлука.

**Член 3**

Задача на членовите на ова Комисија е врз основа на своето знаење и искуство да помогнат во процесот на оцена на оние документити кои се однесуваат на досие за државен испит или упис во регистар и издавање лиценца за работа по прв пат, за кое Стручната служба на СКМ не е во можност сама да процени при нивната обработка.

При исполнување на својата задача, Комисијата има целосна слобода доколку е потребно за одредено досие да побара правно мислење и од адвокатското друштво Ристовска-Вујиќ.

**Член 4**

Постапката ќе се спроведува во просториите на Стоматолошка комора на Македонија, по потреба.

**Член 5**

Дневниците и патните трошоци на членовите на времената Комисијата се со ист износ согласно Одлуката за исплаќање на дневници и патни трошоци на членови на останатите тела и органи на Комората.

**Член 6**

Членовите на времена Комисија за разгледување на поднесени досиеа по однос на спроведување на постапка за стручен испит за дипломирани доктори по стоматологија со пет, односно шестгодишни стуии и досиеа по однос на упис во Регистерот на Комората и издавање на лиценца за работа за првпат се должни податоците од работните материјали да ги чуваат во согласност со прописите за чување на професионална и деловна тајна како и за заштита на личните податоци.

**Член 7**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател**

**на Стоматолошката комора на Македонија**

**Д-р Маријан Денковски**